Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Информацијата за настанатите пожари
во Општината Битола, Могила и Новаци
во периодот од 01.07 до 31.07.2007 г.

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за настанатите пожари во Општината Битола, Могила и Новаци во периодот од 01.07. до 31.07.2007 г., донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
24.09.2007 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.09.2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информацијата за настанатите пожари во Општината Битола, Могила и Новаци во периодот од 01.07 до 31.07.2007 г.

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за настанатите пожари во Општината Битола, Могила и Новаци во периодот од 01.07 до 31.07.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-2374/3
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Програмата
за измени и дополнување на Програмата
за изработка на урбанистички планови во
Општината Битола во 2007 г.

1. Ја објавувам Програмата за измени и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2007 г., донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/2
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 4 од Законот за измени и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02), а во врска со член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.09.2007 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измени и дополнување на Програмата за
изработка на урбанистички планови во
Општината Битола во 2007 година

**Вовед**

Како резултат на кризната состојба која ја задеси Општина Битола предизвикана од пожароте во општината, а заради трајно решавање на проблемот со ромските живеалишта, се наметна потреба од измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во Општина Битола во 2007год. која претставува основа и рамка за пристапување кон изработка, спроведување на постапка за донесување на урбанистичките планови, согласно со чл.17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 1

Се врши измена и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Битола во 2007год. објавена во Службен гласник на Општина Битола бр.5/2007

Чл. 2

Во поглавје: **А-2. ГУП за кои се јавува потреба од отпочнување на постапка за донесување** се додава нова точка А-2.5 која гласи:

А-2.5 ГУП Битола - Урбан опфат„Баир Битола„ (82,00 ха)

Чл. 3

Во поглавје: **Б-4. ДУП за кои се јавува потреба од отпочнување постапка за донесување** се додаваат три нови точки Б-4.12 ; Б-4.13 и Б-4.14 кои гласат:

Б-4.12 ДУП за Урбана единица „Баир 1„ (29.00 ха)
Б-4.13 ДУП за Урбана единица „Баир 2„ (28.00 ха)
Б-4.14 ДУП за Урбана единица „Баир 3„ (25.00 ха)

Чл. 4

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-2374/4
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за отпочнување постапка за пристапување кон
изработка и донесување на ГУП-Битола
Урбан Опфат „Баир“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ГУП-Битола Урбан Опфат „Баир“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/3<br>24.09.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 10 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.09. 2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ГУП –Битола Урбан Опфат „Баир - Битола„**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ГУП – Битола Урбан Опфат „Баир- Битола„.

Границите на Урбаниот опфат се: на север; обиколница М-5–Ресен-Прилеп, до ободниот канал над градот,.на исток; краци на улица „Широка„ и дел од улица „Христијан Карпош„ на југ; дел од улица„Илинденска„ улица„Димитар Влахов„улица „Борка Талев„ и улица„Јорго Костовски„ на запад; дел од ободен канал и дел од ул. „5-та„ до обиколницата М-5

Предложениот Урбан Опфат има површина од 82 ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ГУП – Битола Урбан Опфат „Баир-Битола„ ќе се врши согласно Програмата за изработка на урбанистички Планови ва РМ во 2007г во делот „Декада на Ромите„

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-2374/5
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за отпочнување постапка за пристапување кон
изработка и донесување на ДУП за
Урбана Единица „Баир 1“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 1“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/4
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.09. 2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 1„- Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 1„– Битола.

Границите на Урбаната Единица се: на север; ул„5-та„(или Мордо Нахмијас), дел од ул.„Козјак„ и ул.„Струшка„, на исток; дел од ул.„Риечка„, ул.„Мукос„ и ул. „Илинденска„ на југ; ул.„Димитар Влахов„ ул.„Борка Талев„ и ул.„Јорго Костовски„ на запад; новопроектиерана улица на граница на опфат на ДУП кон парковското зеленило според ГУП, се до ул. „5-та„.

Опфатот на вака предложената Урбана Единица има површина од 29ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 1„ Битола, ќе се врши согласно Програмата за изработка на урбанистички Планови ва РМ во 2007г во делот „Декада на Ромите„

.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-2374/6
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за отпочнување постапка за пристапување кон
изработка и донесување на ДУП за
Урбана Единица „Баир 2“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 2“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/4
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола ("Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.09.2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 2„- Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 2„– Битола.

Границите на Урбаната Единица се: на југ; ул„5-та„(или Мордо Нахмијас), и дел од ул.„Козјак„ на исток; дел од ул.„Љубојно„, се до ободниот канал и дел од ободниот канал , на север; обиколницата М-5-Ресен-Прилеп , на запад;2 проектиран дел од ул.„5-та „ до обиколницата М-5.

Опфатот на вака предложената Урбана Единица има површина од 28ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 2„ Битола, ќе се врши согласно Програмата за изработка на урбанистички Планови ва РМ во 2007г во делот „Декада на Ромите„

.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-2374/7
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за отпочнување постапка за пристапување кон
изработка и донесување на ДУП за
Урбана Единица „Баир 3“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 3“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/6
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.09.2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 3„- Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 3„– Битола.

Границите на Урбаната Единица се: на север;ободен канал, на исток; краци на ул„Широка„и дел од ул.„Христијан Карпош„ на југ; дел од ул.„Илинденска „ул.„Мукос„ ул.„Риечка„ ул.„Струшка„ и запад; ул..„Љубојно„, се до ободниот канал..

Опфатот на вака предложената Урбана Единица има површина од 25ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Урбана Единица „Баир 3„ Битола, ќе се врши согласно Програмата за изработка на урбанистички Планови ва РМ во 2007г во делот „Декада на Ромите„

.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-2374/8
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за отпочнување постапка за пристапување кон
изработка и донесување на ДУП за
„Брусничко-Лавчански Регион 1 дел-Блок 3“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Брусничко-Лавчански Регион 1 дел-Блок 3“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/7
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.09.2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување за ДУП за „Брусничко Лавчански Регион 1 дел -Блок 3„ Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „ Брусничко Лавчански Регион 1 дел -Блок 3„ Битола.

Границите на Блокот се: на северозапад се граничи со патот за село Брусник, од исток блокот се граничи со дел од улицата „Владимир Бакариќ„“ на југ со катастарските парцели бр.5466 и бр. 5463.На југозапад граница е дел од границата на КО Брусник почнувајки од патот за с. Брусник до КП.бр. 5463, која воедно е и граница на ГУП- Битола.

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од 3,12ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за “Брусничко Лавчански Реон 1 дел Блок 3„ Битола, ќе го врши подносителот на барањето.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-2374/9
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за начинот на стопанисување, продажба и
давање на користење недвижни ствари во
сопственост на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за начинот на стопанисување, продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/8
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола(“Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.09. 2007 год. донесе

**О Д Л У К А**

за начинот на стопанисување,
продажба и давање на користење
недвижни ствари во сопственост на Општината Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува начинот на стопанисување, продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општината Битола.

**Член 2**

Општината може да ги продава и дава на користење недвижните ствари во сопственост на Општината на други субјекти по пат на јавно наддавање во согласност со закон.

**Член 3**

Постапката за јавното наддавање, формирањето на Комисија за спроведување на постапката, склучувањето на договорите за закуп, користењето на средствата од закупнината и сл., ќе бидат утврдени со посебен Правилник донесен од Советот на Општината Битола.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат со важност Одлуката за утврдување висината на закупнината за користење на објектите сопственост на Општината Битола бр. 07-135/5 од 14.02.2001 година (“Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 02/01), Одлуката за утврдување висината на закупнината за користење на објектите сопственост на Општината Битола во населените места бр. 07-715/7 од 17.07.2001 година (“Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 09/01) и Одлуката за користење простории во објектите на урбаните и месните заедници соспственост на Општината Битола без надоместок бр. 07-1217/10 од 06.06.2006 година. (“Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 10/06).

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-2374/10
20.09. 2007 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Правилникот
за условите на стопанисување и начинот на продажба и
давање на користење недвижни ствари во
сопственост на Општината Битола

1. Го објавувам Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/9
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36, 50 и 67 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола ("Сл.гласник на Општината Битола" бр. 10/05) Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.09.2007 год. донесе

# П Р А В И Л Н И К
за условите на стопанисување и начинот за продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општината Битола

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите на стопанисување и начинот за продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општината Битола.

**Член 2**

Недвижните ствари во сопственост на Општината Битола можат да бидат продадени или дадени на користење на домашни и странски правни и физички лица под услови пропишани со закон и со овој Правилник.

## II. ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

**Член 3**

За продажбата на недвижни ствари од член 1 од овој Правилник одлучува Советот на Општината Битола, на предлог на Градоначалникот на Општината Битола.

**Член 4**

Продажбата на недвижните ствари се врши со јавно наддавање.

**Член 5**

Продажбата на недвижните ствари може да се врши во готово или на рати.

**Член 6**

Продажбата на недвижните ствари се врши во денари или девизи.

**Член 7**

Предлогот за продажба ја содржи вредноста на недвижната ствар која е предмет на продажба и истата не смее да биде помала од нејзината пазарна вредност утврдена од Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот.

**Член 8**

Финансиските средства добиени од продажбата на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојните ствари во сопственост на Општината Битола.

## II. 1. Продажба на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола со јавно наддавање

**Член 9**

Постапката за продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола ја спроведува комисија која ја формира Градоначалникот на Општината Битола.

Комисијата од претходниот став објавува оглас, ги утврдува условите и критериумите за продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола.

Води записник за текот на надавањето.

**Член 10**

Комисијата што ја спроведува постапката за продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола брои 3 (три) членови и нивни заменици од редовите на општинската администрација на Општината Битола.

Комисијата се формира за време од 2 (две) години.

Исто лице може да биде избрано најмногу за два мандати.

**Член 11**

Комисијата од член 10 од овој Правилник е должна во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката за продажба на недвижната ствар, да објави оглас за продажба на стварта во еден од дневните весници кои излегуваат на територијата на РМ.

**Член 12**

Огласот за јавно наддавање за продажба на недвижната ствар особено содржи:

- Податоци за стварта која е предмет на продажба,
- Почетна цена на стварта што е предмет на продажба која не може да биде помала од пазарната вредност на стварта,
- Висината на паричниот депозит што треба да се уплати за учеството во јавното наддавање,
- Сметката на која се уплаќа депозитот,
- Рок за уплата на депозитот,
- Условите кои треба да ги исполнат наддавачите за учество во јавното наддавање,
- Рокот за склучување на договорот,
- Место, ден и час на јавното наддавање,
- Органот кој го распишува,

- Рокот на траење на огласот,
- Начин на пријавување на огласот и органот до кој се поднесуваат документите,
- Критериуми за избор на најповолен понудувач,
- Начин на плаќање,
- Доказ за идентитет на понудувачот (лична карта или патна исправа) за физичко лице, односно извод од Централниот регистар за правно лице,
- Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки (не постари од 6 месеци),
- Документ за бонитет од Централен регистар во оригинал или нотарски заверена копија не постара од 6 месеци.

## II.2. Давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола со јавно наддавање

### Член 13

За давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола со јавно наддавање одлучува Градоначалникот на Општината Битола.

Недвижните ствари кои имаат вредност над 100.000,00 Евра во градот и над 50.000,00 Евра во селата можат да се даваат на користење по претходно донесена одлука од Советот на Општината Битола.

Договори со најповолниот понудувач се склучуваат за времетраење од најмногу 4 (четири) години, со можност за обновување.

### Член 14

Огласот за давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола освен содржината утврдена во член 12 од овој Правилник, содржи и:

- Почетната закупнина изразена во денари утврдена од Комисијата,
- Напомена дека стварта се дава во видена состојба со определување на можност за видување (ден, час),
- Времетраење на користењето,
- Депонирање на депозит за учество на огласот и определување на висината на истиот,
- Определување на услови и рокови за враќање на депозитот,
- Напомена дека нема да биде прифатена понудата на понудувачот кој должи на Општината Битола по било кој основ.

## II.3. Давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола без надоместок

### Член 15

Советот на Општината по предлог на Градоначалникот на Општината Битола, а по претходно добиено мислење од Комисијата за месна самоуправа при Советот на Општината Битола може да донесе одлука со која ќе даде на користење недвижни ствари во сопственост на Општината Битола без надоместок на барање на:

- Здруженија на граѓани,
- Облици на месната самоуправа.

Трошоците за адаптација, тековното и инвестиционото одржување за недвижната ствар, паѓаат на товар на корисникот.

Договорите за користење на недвижните ствари без надоместок се склучуваат најмногу во времетраење до 1 (една) година, со можност за обновување секоја година.

## III. Постапка

**Член 16**

Комисјата од член 10 од овој Правилник (во понатамошниот текст Комисијата), го спроведува јавното наддавање согласно со огласот за јавното наддавање.

**Член 17**

Пред почетокот на наддавањето Комисијата ги утврдува и соопштува начинот и техничките правила на наддавањето.

**Член 18**

Комисијата води записник за текот на јавното наддавање.

Во записникот се внесуваат податоци за наддавачите по редослед на најповолно рангираните наддавачи.

Во записникот се утврдува рокот во кој најповолно рангираниот понудувач треба да пристапи кон склучување на договорот.

Податоците од записникот се соопштуваат јавно.

Одлуката за најповолниот понудувач е конечна.

**Член 19**

Јавното наддавање се смета за уредно ако учествуваат минимум двајца учесници во јавното наддавање.

**Член 20**

Ако на објавениот оглас не се јават заинтересирани лица се распишува и објавува повторен оглас.

**Член 21**

Градоначалникот на Општината Битола склучува договор со најповолниот понудувач. На останатите учесници на огласот им се враќаат депонираните средства во рок од 8 (осум) дена од денот на конечноста на одлуката.

Доклоку во рок од осум дена по известувањето најповолниот понудувач не се јави за склучување на договор ќе се смета дека се откажал и во тој случај Комисијата ќе ја повтори постапката.

**Член 22**

Уплатениот паричен депозит се засметува во постигнатата цена.

**Член 23**

Висината на паричниот депозит не може да биде помала од 20% од почетната цена на недвижната ствар која се продава, односно 10% од износот на едногодишната закупнина за недвижната ствар која се дава на користење.

Најповолниот понудувач кој нема да пристапи кон склучување на договор во рокот утврден во член 20 од овој Правилник го губи правото на враќање на паричниот депозит.

**Член 24**

Градоначалникот на Општината Битола еднаш годишно доставува извештај за корисниците на објектите пред Советот на Општината Битола.

**Член 25**

За сите прашања кои не се предвидени со овој Правилник, ќе се применуваат позитивните законски прописи.

**Член 26**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службениот гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-2374/11
20.09.2007 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
давање согласност на Здружението на граѓани
ЛАЈОНС КЛУБ во основање
да може да го употреби името Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Здружението на граѓани ЛАЈОНС КЛУБ во основање да може да го употреби името Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/10
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 48 точка 2 од Законот за трговски друштва (“Сл.весник на РМ“ бр. 28/04), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола (“Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.09.2007 год. донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Здружението на граѓани ЛАЈОНС КЛУБ во основање да може да го употреби името Битола

1. СЕ ДАВА согласност на Здружението на граѓани ЛАЈОНС КЛУБ во основање да може во називот на Фирмата да го употреби името Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на денесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-2374/12
20.09.2007 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
разрешување и именување членови во
Управниот одбор во ЈКП „Нискоградба“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор во ЈКП „Нискоградба“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/11
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/86, 06/02, 40/03 и 49/06) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.09.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување членови во
Управниот одбор во ЈКП „Нискоградба“ Битола

1. Од Управниот одбор во ЈКП „Нискоградба“ Битола се разрешува Оливера Каковска, ул. „Васко Карангелевски“ бр. 21, од Битола.

2. На нејзино место се именува:
Оливер Крстевски, ул. „Александар Турунџев“ бр. 1/6 Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2374/13
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
именување членови во
Управниот одбор во ЈКП „Водовод“ Битола

1. Го објавувам Решението за именување членови во Управниот одбор во ЈКП „Водовод“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/12
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/86, 06/02, 40/03 и 49/06) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.09.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за именување членови во
Управниот одбор во ЈКП „Водовод“ Битола

1. За членови во Управниот одбор во ЈКП „Водовод“ Битола се именуваат:
- Ицко Димовски, ул. „Минела Бабуковски“ бр. 2-2/40 Битола;
- Тони Илиевски, ул. „Владимир Назор“ бр. 5 Горно Оризари,
- Роберто Трајковски, ул. „Цане Бујуковски“ бр. 27 Битола,
- Лидија Темелковска, ул. „Михаил Бојаџиев“ бр. 1 Битола,
- Данче Алтипармаковска, с. Братиндол,
- Миле Димитриевски, ул. „Пелистерска“ бр. 10 Кравари,
- Александар Димитровски, ул. „Кочо Доловски“ бр. 35 Битола,
- Горан Стефановски, ул. „Сотир Брбевски“ бр. 53 Битола и
- Васил Јовановски, ул. „Анести Пановски“ бр. 12/6 Битола.

2. Примерок од решението да се достави до ЈКП „Водовод“ Битола и именуваните.

3. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за именување членови во Управниот одбор бр. 07-463/13 од 13.06.2005 год. („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 8/05), Решението бр. 07-2012/8 од 26.12.2003 г. („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 18/05), решението бр. 07-2337/13 од 11.09.2006 г. („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 16/06), и решението бр. 07-3366/10 од 27.10.2006 г. („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 18/06),

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2374/14
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
разрешување и именување членови во
Одборот за контрола на материјално-финансиското работење
во ЈКП „Водовод“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Одборот за контрола на материјално-финансиското работење во ЈКП „Водовод“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 20.09.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2486/13
24.09.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.09.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување членови во
Одборот за контрола на материјално-финансиското работење
во ЈКП „Водовод“ Битола

1. Од Одборот за контрола на материјално-финансиското работење во ЈКП „Водовод“ Битола се разрешува Томе Блажевски, ул. „Маршал Тито“ бр. 102-а Битола.

2. На негово место се именува:
Драги Најдовски, ул. „Браќа Миладиновци“ бр. 11 Битола.

3. Примерок од решението да се достави до ЈКП „Водовод“ Битола и именуваните.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2374/15
20.09.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска